20250841830

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 122/21 и 215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2025 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ – НКД РЕВ.2.1

Член 1

Во Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2.1 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.35/24), во Прилогот Национална класификација на дејностите-НКД Рев 2.1., сектор „СТРУЧНИ, НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ ДЕЈНОСТИ“, оддел 69 „Правни и сметководствени дејности“, група 69.1 Правни дејности, класата 69.10 „Правни дејности“ се заменува со нова класа 69.10 „Правни дејности”, која гласи:

„69.10 Правни дејности

69.101 Адвокатски дејности

69.102 Дејности на нотари

69.103 Законски извршни дејности, т.е. извршители

69.104 Дејности на правна арбитража и дејности за посредување (арбитри и медијатори)

69.105 Дејности на застапување од областа на интелектуална сопственост.“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3285/11
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.